

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

## - СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНИЈА -

СЕАД ЏИГАЛ И ВЕСНА НИКОДИНОВСКА

СКОПЈЕ, 2022 ГОДИНА

Funded by the European Union

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Norway

Reporting Diversity Network 2.0

**Автори:** Сеад Џигал и Весна Никодиновска

**Експерт за методологијата на истражување:** Снежана Миливојевиќ

**Уредник и експерт за методологијата на истражување:** Стефан Јањиќ

**Издавачи:**
Институт за комуникациски студии (ИКС)
и Институтот за различност во медиумите

**Мрежата за разновидност 2.0 - RDN 2.0** е воспоставена со цел да влијае на нивото на застапеност на темите поврзани со етницитет, религија и пол во медиумите во Западен Балкан.

Проектни партнери се Институтот за различност во медиумите, Институтот за медиуми во Албанија, Центарот за Истражувачко новинарство, Центарот за истражувачко новинарство Црна Гора, Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа, Косово 2.0, Институтот за различности во медиумите Западен Балкан.

Проектот е финансиран од Европската Унија, Балканскиот фонд за демократија, проектот на Германскиот Маршалов Фонд на САД и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Содржината е став на авторите и Мрежата за разновидност 2.0 и не ги одразува секогаш ставовите на Европската Унија, Балканскиот фонд за демократија, проектот на Германскиот Маршалов Фонд на САД и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.



Reporting Diversity Network 2.0

# ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

## - СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНИЈА -

СЕАД ЏИГАЛ И ВЕСНА НИКОДИНОВСКА

СКОПЈЕ, 2022 ГОДИНА

# Содржина


3 **1. ВОВЕД**

4 **2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП**

5 **3. НАРАТИВИ И ПОДНАРАТИВИ**

5 **3.1 Квантитативна анализа**

7 **3.2. Анализа на наративи**

7 а) Наративи против политички и идеолошки противници

9 б) Наративи со етничка и расна омраза

10 в) Наративи на омраза поврзани со мерките во пандемијата

11 г) Наративи на омраза против сексуалните малцинства

11 **3.3. Компаративни анализи**

12 **4. АКТИВНОСТИ ПРЕЗЕМЕНИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НАРАТИВИТЕ НА ОМРАЗА И ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

13 **5. ЗАКЛУЧОЦИ**

# 1. Вовед

Главната цел на ова истражување е да даде увид во најчесто присутните дискурси на омраза и дискриминација во Македонија во 2021 година. Во овој труд детално ќе се анализираат примерите кои беа забележани во овој период и кои беа широко распространети низ јавната сфера во земјата. Истражувањето ќе ги идентификува факторите и настаните кои беа главните генератори на наративи на омраза и дискриминација и ќе се разгледуваат клучните идеи кои стојат зад нив, како и нивната динамика и контекст. Исто така, истражувањето детално ќе се осврне на тоа кои биле најчестите цели и какви реакции предизвикале тие во општеството. Клучна негова цел е да обезбеди кредибилни информации и докази со цел стратешки да му се пристапи на прашањето на говор на омраза и да ги зајакне напорите против неговото сѐ позачестено присуство во јавната комуникација во Македонија.

Говорот на омраза има длабоки корени во општеството и тој најчесто се развива и еволуира во подолг временски период, со зачестеност на појавување и динамика кои зависат од различни општествени и политички фактори и околности. Тој може да ги промени своите форми и да се прошири на публики во зависност од расположливата комуникациска инфраструктура, но истиот исто така значително зависи и од локалната политичка и медиумска култура. Во тој контекст, може да се забележи дека Македонија, од осамостојувањето во 1991 година до денес, не може да се пофали со добро досие на правилно процесирање и санкционирање на случаи на говор на омраза. Дискурсите на омраза и дискриминација се најчесто присутни во политичката комуникација, меѓуетничките односи и во третманот на маргинализираните заедници.

Според последните истражувања и анализи, во последнава деценија значително се зголемија нападите врз политичките противници и тие добија политички легитимитет како никогаш досега во македонската политичка култура и демократско искуство[1]. Последиците од толерирањето и поттикнувањето на употребата на говор на омраза од страна на политичките партии и нивните поддржувачи во јавната сфера, вклучително и локалните медиуми, доведоа до драматично влошување на јавниот дијалог и до намалување на општествената и политичка дебата, особено во онлајн сферата[2]. Постепената „нормализација" на употребата на различни форми на омраза и на дискриминаторски говор за политички и идеолошки цели драстично го зголеми бројот на овие појави и стана вообичаен метод за обраќање кон политичките противници и кон оние со различни мислења. Недостатоците во спроведувањето на законските инструменти, исто така, доведоа до зголемен притисок врз малцинските групи, особено врз основа на нивниот етнички идентитет, сексуална ориентација како и против мигрантите.

1. Сашо Ордановски (2018) „Слобода на изразување против говорот на омраза во медиумите во Македонија", стр. 7.
2. Ibidem, стр. 7-8.



# 2. Методолошки пристап

Истражувањето вклучуваше извадоци од материјали со елементи на говор на омраза и дискриминаторска содржина кои беа регистрирани во текот на 2021 година, а некои и во 2022 година. Случаите кои имаа значителна видливост во јавноста и опфат до јавноста во Македонија во овој период беа предмет на разгледување и вкрстена анализа. Разгледувањето на ваквиот материјал опфати квантитативна, квалитативна анализа и прилагодена дискурсна анализа на нивната содржина. Конкретните случаи беа класифицирани според нивната тема, типот на наратив кој се користи, целната група или поединец, каков тип на личност го сторила инцидентот, каков е опсегот (дофатот) на содржината, каков тип на медиум е користен и каков е поширокиот контекст на овие настани. Евидентираните случаи беа класифицирани со користење на скала за сентиментална анализа, оценувајќи ги случаите од 1 до 6, зависно од степенот на реакциите, или сентименти кои биле покренати од тој настан.

1. **Несогласување** - реторика која вклучува и несогласување. Ставање под знак прашање на групни тврдења, идеи и верувања, или обид за нивна промена.

2. **Негативни активности** - реторика која вклучува негативни ненасилни активности поврзани со групата.

3. **Негативен карактер** - реторика која вклучува ненасилни карактеризирања и навреди.

4. **Демонизирање и дехуманизирање** - реторика која вклучува одредување на потчовечки и натчовечки карактеристики на целната индивидуа/група.

5. **Поттикнување насилство** – реторика која подразбира нанесување физичка повреда или стремеж кон таква физичка повреда.

6. **Смрт** - реторика која подразбира поттик на убивање или елиминација на одредена група.

Користејќи го методот на анализа на дискурсот, беше направено дополнително детално анализирање на случаите, при што беа извлечени и елаборирани главните наративи и поднаративи. Таканаречените „тригер настани“ беа исто така анализирани и контекстуализирани со цел да се разбере процесот на нивна трансформација до нивото на широка национална релевантност. Беше направена и анализа на визуелните елементи од овие случаи и беше оценето нивното влијание во конкретниот контекст на нивна употреба.

# 3. Наративи и поднаративи

## 3.1 Квантитативна анализа

Во текот на 2021 година, во Македонија евидентиравме 35 забележителни случаи на употреба на дискурси на омраза и дискриминација. Според нивното ширење и метрика за опфат и ангажирање на јавноста, тие имаа значително влијание во медиумите и во јавната сфера, во смисла на тоа дека предизвикаа бројни коментари, дебати, вербални расправии и различни реакции. Најголем број од евидентираните случаи се дискурси на омраза против политички и идеолошки противници (30%), наративи на омраза на етничка или расна основа (30%) и напади врз основа на сексуална ориентација или против членови на ЛГБТК+ заедницата (13%).




Графикон 1: Типови на дискурси кои биле употребени во евидентираните случаи на говор на омраза во 2021 година

Кога ќе се направи споредба со податоците од сентименталната анализа, односно нивото на проценетата афективна реакција која била предизвикана од конкретниот настан, повеќето случаи (вкупно 40%) се оценети како ниво 3 (нагласување негативен карактер), 28,5% како ниво 4 (демонизирање и дехуманизирање) а 14% како ниво 2 (негативни ненасилни дејства). Најсериозните случаи, кои беа оценети со ниво 6 (реторика што буквално подразбира убиство, смрт или елиминација на одредена група) беа присутни во 5,7% од случаите, додека 9% од вкупниот број беа случаи на ниво 5. Сите случаи кои беа оценети со ниво 6 беа од типот на дискурси на омраза и дискриминација по етничка основа, додека случаите од ниво 5 беа насочени кон политички и идеолошки противници и членови на институциите кои беа задолжени за мерките во времето на пандемијата.

Со деталната анализа на групите кои беа директно таргетирани беше констатирано дека 31,3% се насочени против поинаква етничка или расна група, 25,65% се насочени кон политичари, 14,25% се против граѓански активисти и 8% се против припадници на сексуални малцинства.

Во однос на изворот на напади, најзастапени се приватните лица со 45%, додека 17,1% се политичари или претставници на политичките партии во земјава. Дополнително, 11,4% биле новинари или членови на медиумите, а онлајн инфлуенсерите беа присутни со 8,55%. Дискурсите со омраза и дискриминација најмногу се објавуваат и се шират на интернет, и тоа главно преку платформите на социјалните мрежи (37,05%) и на веб-страниците за вести (45,6%).




Графикон 2: Нивоа на сентименти предизвикани од дискурсите на омраза и дискриминација




Графикон 3: Извори на дискурси на омраза

## 3.2. Анализа на наративот

Во ова истражување наративот го дефинираме како логично и кохерентно семантичко толкување на поврзани настани и индивидуи што создава интерпретативна смисла кај публиката. Наративите ѝ даваат значење на приказната, поврзуваат одредени настани со поширока приказна која е колективно прифатена. Тие го дефинираат она што е нормално и очекувано и се тесно вклучени во создавањето и одржувањето на општествените и политичките структури на моќ, кои често, пак, имаат тенденција да го легитимизираат говорот на омраза и различните форми на дискриминација и екстремизам бидејќи им помагаат да ја спроведат и одржат својата моќ. Ако ги примениме на евидентираните случаи *теоријата на дела на говорот* на Џеј Ел Остин[3] и методологијата која подоцна била развиена од Џеј Ар Сеарл[4], можеме да добиеме покохерентни информации за комуникацискиот ефект кој го имале анализираните случаи. Чинот на говор се дефинира како дејство што се врши преку јазикот во врска со комуникациската намера на говорникот да произведе семантички исказ, а чинот на говор практично ја објаснува целта за која говорителите го користат тој јазикот[5]. Остин идентификува (а) констативен говор кој делува како исказ што кажува дали нешто е точно или неточно, и (б) перформативни чинови на говор кои имаат тенденција да извршат или да иницираат дејство со кажување или пишување одредени искази. Користејќи го овој теоретски пристап, можеме да констатираме дека во материјалот кој беше предмет на истражување имало 43% случаи со јасен констативен карактер, односно „локуцијарен“ тип на искази во теоријата на дела на говорот. Тие првенствено комуницираат мислење, изјава, карактеризација или опсервација на нешто или некого. Од вкупниот број, 42,7% биле од констативен подтип т.е. тнр. „илокуцијарни дела на говор“, кои подразбираат одредени дејства. Конечно, 14,3% од случаите биле со јасни перформативни или „перлокутивни“ дејствија т.е. дела на говор кои повикуваат на директно агресивно или насилно дејство.




Графикон 4: Типови на дела на говор на омраза според нивниот комуникативен ефект

### а) Наративи против политички и идеолошки противници

Како што беше наведено претходно, дискурсите и нападите врз политичките и идеолошките противници се некои од најчесто присутните типови на случаи (30,61%). Тие се засновани на принципот на дефинирање на другиот (етникум, нација, раса, религија, идеолошка група итн.) и последователно издвојување на групи или поединци кои се „предавници“ или „отпадници“ од нивната „природна или крвна заедница“, бидејќи тие јавно покажуваат толеранција, разбирање и комуницираат или соработуваат со припадниците на *другите*. Како дел од овој наратив се користат разни јазични техники, вклучително и силни зборови и навреди, со цел да се изрази аверзијата што треба да се чувствува кон целните поединци или групи, кои често се етикетирани како „дегенерици од нивната заедница“. Во еден од евидентираните случаи на тапет бил и поранешен висок припадник на полициските сили[6]. Тој е претставен како истакнат случај на „предавник“,

3. Austin, J. L. (1962). How to Do Things with Words. Cambridge, Mass.: Harvard University Press.
4. Searle, J. (1969). Speech Acts: An Essay in the Philosophy of Language.Cambridge: Cambridge University.
5. Yule, G. (2006). Pragmatics (6th Impression). Oxford: Oxford University Press, p. 54.
6. Стојанче Ангелов, кој моментално ја извршува функцијата директор на Центарот за управување со кризи на Македонија. Тој е истовремено и претседател на партијата „Достоинство“ и поранешен генерал во специјалните полициски сили.

кој порано ја бранел својата земја, а сега активно соработува со „непријателите на својот народ“.

Во друг случај, цел бил член на семејството на екс министерот за правда (МП), Бојан Маричиќ. Станува збор за објавена фотографија на Момир Маричиќ, инаку татко на екс министерот за правда, преземена од неговиот профил на Фејсбук, која е поставена покрај статуата на Адолф Хитлер, заедно со примерок од книгата „Мојата борба“, со наслов: „Таткото на министерот стои гордо до статуата на Хитлер“[7]. Членот на семејството на министерот Маричиќ е претставен како „поддржувач на Хитлер“. Во текстот на публикацијата се додава: „Таткото на министерот за правда Бојан Маричиќ, Момир, инаку поранешен јавен обвинител, е видно фасциниран од предмети поврзани со нацистичка Германија“. Кога внимателно ќе се анализира оригиналниот извор на фотографијата која е дел од оваа вест, може да се забележи дека нејзиниот оригинален автор, Момир Маричиќ, ја објавил фотографијата со следниов коментар: „Култот е сѐ уште жив, но само во музеи како што е овој, за да послужи како предупредување“. Фотографијата беше извадена од оригиналниот контекст од друг корисник на социјалните мрежи и лажно претставена како „поддршка на нацизмот од страна на таткото на министерот“. Ова подоцна беше објавено од националната телевизија „Алфа“ на нивната веб-страница и емитувано и во вестите на оваа телевизија. Овој конкретен случај е пример за постојано присутната тенденција на партиските поддржувачи и на политички пристрасните медиуми да ги демонизираат политичките противници и да ги прикажат како лоши, без притоа соодветно да се проверат фактите или информациите.

Во оваа група наративи е евидентиран и случај на говор на омраза против странски политичар. Поранешната министерка за надворешни работи на Бугарија, Екатерина Захариева, беше инволвирана во серија на цинични коментари и навреди по информацијата дека била позитивна на тестот за Ковид.[8] Во конкретната вест, насловот користи колоквијален израз која некој ќе се зарази („налепила“), што укажува на отсуство на каква било емпатија со бугарскиот министер како човечко суштество.[9] Контекстот на овој случај, и фактор на предизвикување, е актуелната блокада на почетокот на преговорите за пристапување на Македонија во ЕУ поради „бугарското вето“, односно одбивањето на бугарската влада да ја одобри рамката за почеток на преговорите.[10] Овој тип на публикување обично го користи методот на манипулативни наслови, кои му сигнализираат на читателот како да реагира емотивно и да заземе негативен став кон целната индивидуа или група. По насловот, содржината на самите вести во повеќето случаи е неутрална и нема дополнителна содржина со омраза. Сепак, овој тип на известување најчесто се користи како алатка за поттикнување негативни и коментари на омраза на социјалните мрежи каде што овие извештаи обично се споделуваат. Со разгледувањето на овој и на слични случаи можеме да забележиме дека тнр. „кликбејт наслови“ имаат двојна цел – да го поттикнат читателот да кликне на извештајот но и да го сподели на социјалните мрежи и со тоа да иницира коментари и дискусии со омраза. На овој начин, веб страниците кои објавуваат вести практично им сугерираат на читателите да се ангажираат во тоа што е објавено, преку негово споделување, а со цел да се зголеми нивната релевантност и бројот на читатели.

Во однос на случаите каде цел се граѓански активисти на политичка или идеолошка основа, доминантен наратив е тој дека невладините организации и нивните членови се „платеници и слуги на западните влади и на другите центри на моќ од Западот“. Етикетата што обично им се прикачува е формулирана во изразот „западни пропагандисти“. Дискурсите со омраза најчесто имаат фокус на поднаративот дека „владите на ЕУ, НАТО и на западните земји не се грижат за идентитетот и за вистинскиот интерес на македонскиот народ“. Во разгледуваните случаи беа забележани некои од изразите кои се вообичаени за овој наратив: „Тие (локалните невладини организации и нивните активисти) спроведуваат антидржавна и антимакедонска политика, отворено соработувајќи со странски тајни агенти кои ги застапуваат таквите меѓународни позиции во однос на Македонија“[11].

Овие наративи се засноваат и на противењето на политичките компромиси постигнати преку неколку договори потпишани во минатото, како што се Преспанскиот договор со Грција, Охридскиот рамковен договор од 2001 година и Договорот за соработка со Бугарија од 2017 година. Овие договори и лицата кои јавно ги поддржуваат истите, вклучително и граѓански активисти, ѝ имаат „нанесено неправда на Македонија“

7. Достапно на https://alfa.mk/?p=27983 (пристапено на 06.05.2022).
8. Достапно на https://pressingtv.mk/region/i-ekaterina-zaharieva-nalepi-korona/ (пристапено на 06.05.2022).
9. Март 2021 година.
10. „Патот на земјата кон ЕУ во моментов е блокиран поради ветото од Бугарија, која инсистира на промени во Уставот со цел признавање на бугарското малцинство, отстранување на „говорот на омраза“ во учебниците и решавање на споровите околу јазикот и историјата. Ветото, исто така, влијае на патот на Албанија кон ЕУ бидејќи напредокот на овие две земји е поврзан“, Euractive, достапно на https://www.euractiv.com/?p=1709997 (пристапено на 06.05.2022).
11. Достапно на https://antropol.mk/2021/05/05/dvojnite-arshini-na-zapadnite-propaganisti/ (пристапено на 06.05.2022).

и се „нелегални". Владата, според овие наративи, „извршила класични фашистички политички одлуки – кога се негира идентитетот на (македонскиот) народ, од земја која претходно извршила етничко чистење на тој народ."[12] , додека таргетираните активисти ја поддржуваат и помагаат Владата во спроведувањето на овие политики. Тие се обвинети и за тоа и дека не веруваат во демократските вредности и граѓанските слободи и дека ги следат нивните политички агенди само за свои себични лични интереси.

*„Го нарушивте соживотот во државата, не само што гласавте за промена на името на државата туку и затоа што агресивно агитиравте за тоа. Таквата промена не беше за колективните права на етничките Албанци, не, туку беше на штета на вашиот сосед, етнички Македонец, кој однадвор е натеран од Грк или од Бугарин да си го смени името, па не го спречивте во тоа, туку всушност му помогнавте! "* [13].

Групите кои вообичаено ги промовираат овие наративи, етикетирајќи ги своите противници како „предавници" или „пропагандисти на Западот", понекогаш преземаат вакви слични активности за етикетирање или стигматизирање на групи или поединци од друг дел од политичкиот или идеолошкиот спектар. Во некои случаи, наративите се испреплетени со акти на дехуманизација на политичките противници[14]. Пример за ова е случајот со локална жена активистка на НВО која беше нападната како наводен „џихадист"[15]. Во текстот со наслов „Скандал: Терористичко-џихадистичка ќелија во владејачката партија СДСМ" беше сместена и фотографија на активистката со „хиџаб", инаку исламска покривка на главата во жените, како седи блиску до поранешниот премиер Зоран Заев. Во текстот се додава дека активистката е сестра на еден од поистакнатите партиски членови на владејачката партија (СДСМ), кој претходно бил назначен за директор на едно од локалните јавни претпријатија. Наративот за наводната „инфилтрација на џихадисти во владејачката партија" се базираше на споменатите семејни врски на еден од членовите на владејачката партија и обвинувањето дека таа активистка е поддржувач на „терористички напади на Хезболах врз цивили во Израел". Во текстот не беа дадени никакви информации или извори за поддршка на овие наводи. Во суштина, ваквиот наратив е конструиран со користење на негативни стереотипи и дезинформации и давање на политички контекст на истите преку мешавина од шпекулации и недокажани обвинувања кои имаат очекувани политички импликации[16].

Наративи кои беа предмет на разгледување во оваа група најмногу ги поврзува пристапот кој го имаат нивните извори и поддржувачи кон наметнувањето на нивното разбирање за организирањето и структуирањето на општествените групи, т.е. наметнување на нивните ставови за карактеристиките на припадниците на различни групи (верски, политички, етнички, итн.). Во комбинација со овој пристап, секоја разлика во политичкото или идеолошкото мислење или став се поистоветува со радикализација. По наметнувањето на дефиниција за правилата и структурата на општествените групи за кои станува збор, тие исто така имаат за цел да ги монополизираат правата во одлучувањето и објаснувањето до заедницата за тоа кој е противник или непријател на нивната група и кој треба да ги брани од овие етикетирани непријатели.

Следствено на тоа, во еден таков поларизиран контекст, говорот на омраза и дискриминаторските наративи се користат за нормализирање на стигматизирањето на поединци или групи како „предавници" или „отпадници", дури и ако тие поддржуваат само рационални компромиси за сложени домашни и меѓународни прашања. Накратко, пријавените и анализирани наративи се користат во обидите за стекнување политичка власт преку монополизирање на тоа како се формираат основните општествени концепти, како што се патриотизмот, лојалноста и чесноста, и исто така како се прави структурирање и категоризација на општествените правила и групи во земјата, како формално така и неформално.

## б) Наративи со етничка и расна омраза

Приближно 31% е бројот на оние случаи во кои има дискурси на омраза и дискриминација. Наративите во овие примери се формираат околу негативни стереотипи, омраза и етнофобија, главно против етничките Албанци и етничките Роми во земјата, а во неколку случаи и во однос на исламофобија и ксенофобија кон мигрантите од Блискиот Исток. Во еден од примерите, инаку објавен на социјалните мрежи од страна

12. Ibidem.
13. Ibidem.
14. „Овие „комуњари" (погрден термин за левичарските и либералните партии) се бездушни", извор https://is.gd/gDgwJr
15. Достапно на https://antropol.mk/2021/05/05/dvojnite-arshini-na-zapadnite-propaganisti/ (пристапено на 06.05.2022).
16. Во текстот се наведуваат обвиненија против членот на партијата и неговата сестра во однос на вмешаност во незаконски активности, но не се користат веродостојни извори и не се дадени проверени информации.

на една професорка од средно училиште од Тетово, припадниците на етничката ромска заедница се опишани како нетолерантни, мрзливи, „лоши и опасни“ и „бездушни“. Создадените наративи на омраза се констативни во нивното основно значење, но некои од нивните елементи, како што е користењето на негативни карактеристики, на пример тврдењето дека се „бездушни“, имаат значителна дехуманизирачка склоност кон ромската заедница, што имплицира на одредени активности и мерки што треба да се преземат. Во еден од примерите кои беа евидентирани, градоначалникот го претстави прашањето за питачите на улица во Струга како проблем предизвикан од припадниците на етничките Роми кои пристигнале во овој град од други места. Преку своите изјави за медиумите тој ја изрази можноста дека „можеби е потребна депортација на питачите за да се реши проблемот“.[17] Најчест предизвикувач на овие случаи се вестите или реакциите на политичарите или новинарите во медиумите или на социјалните мрежи.

Во случаите на говор на омраза базирани на етничка припадност, многу често се користат навредливи и погрдни термини и имиња за припадниците на целните заедници и групи. Многу честа појава е и наративот дека на етничките Албанци им се дава приоритет во вработувањето во државните институции, а се врши дискриминација на најголемата етничка заедница во земјата. Контекстот на овој наратив е процесот предвиден со Охридскиот рамковен договор од 2001 година а се однесува на вработување на дополнителни припадници на малцинските етнички групи за да се постигне еднаква застапеност на сите етнички заедници во државните и локалните институции.

Двата случаи регистрирани како сентимент на ниво 6 (употреба на реторика што подразбира смрт и убивање) се поврзани со етничката припадност и имаат врска со автобуската несреќа која се случи во Бугарија во ноември 2021 година, во која животите ги загубија повеќе од 40 лица, главно етнички Албанци, кои се враќале од туристичко патување во Турција. Користените наративи шират пораки со омраза со кои се посакува смрт на поголем број на луѓе од оваа заедница, прикажувајќи ги како „племе“ и „нижи луѓе“ и реагираат со уживање и шеговити метафори за трагичната несреќа. Во еден од овие примери, изворот на наративи со омраза е државјанин на Бугарија. Во овие типови на случаи, наративите се засноваат на етничка и културна подреденост, негативни стереотипи, а во неколку случаи и на дехуманизација, кои се насочени кон нормализирање на сегрегацијата, подреденоста и маргинализацијата на цели општествени групи.

### в) Наративи на омраза поврзани со мерките во пандемијата

Во контекст на здравствените мерки кои беа воведени против ширењето на Ковид-19 и спроведувани во текот на 2021 година, беа организирани поголем број на протести во Скопје и во други градови во државата. Движењето против Ковид мерките и другите групи кои се спротивставуваат на вакцинирањето, ги одразија своите активности и ставови и во разни медиумски објави. За време на протестите и на социјалните мрежи тие објавуваа разни пораки кои содржат навреди, закани и говор на омраза кон здравствените власти и кон нивните припадници. Наративите во оваа конкретна категорија, која учествува со вкупно 14% од сите случаи, беа изградени околу разните теории на заговор и тврдењата дека вирусот е вештачки создаден и дека вакцинацијата е наметната за финансиска добивка на фармацевтската индустрија. Министерот за здравство, Комисијата за заразни болести, здравствените работници и другите беа исто така цел на нападите.

> *„Ковид-фашизмот можете да го спречите само со отфрлање на маските, вакцинациите и со масовен отпор, за да ги спасите вашите деца и семејства![18]”*

Врз основа на овие тврдења се формира наратив кој ги прикажува здравствените власти како „слуги на злите сили“ и кој ги третира граѓаните, па дури и децата, како животни за експериментирање.

> *„Дури и децата не се поштедени. Ги пуштаат да одат на училиште со физичко присуство, со маски, со дистанца, што претставува водење на социјален инженеринг и испраќање лица кои постојано им дишат во вратот за да им влеат страв и да ги дупнат (со вакцини) како жив добиток“.*

17. Достапно на https://sdk.mk/?p=148101 (пристапено на 07.05.2022).
18. Достапно на https://is.gd/XaCJSQ пристапено на 07.05.2022 година.

Честопати се користеше терминот „убијци" за да се укаже на одредени целни поединци и групи. Врз основа на овие тврдења, се оправдуваат и нормализираат говорот на омраза и повиците за насилни дејствија. Главни поттикнувачи на овие наративи беа објавите во медиумите и најавите за воведување нови ограничувања и мерки поврзани со пандемијата. Овој случај ја покажува и тенденцијата за политизирање на пандемиските мерки и нивно користење за напад врз Владата и владејачките партии, обвинувајќи ги за лошо организирање и спроведување на превентивните мерки. Поради овие тенденции, протестите и пораките со омраза добија зголемен број на споделувања не само на социјалните мрежи туку беа и засилени од локалните онлајн и електронски медиуми.

### г) Наративи на омраза против сексуалните малцинства

Наративи на омраза од овој тип се забележани во 8% од случаите. Во дел од настаните и публикациите беа констатирани навреди и дискурси на омраза[19]. Исто така, во неколку случаи беа беше пријавени и дискриминација на правата во однос на транссексуалните и трансродовите лица[20].

> *„Мрежата за заштита од дискриминација се обрати до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со претставка за случај на индиректна дискриминација по основ на здравствена состојба (на трансродово лице). Жена која во минатото се лекувала од хепатитис Ц не добила приватно здравствено осигурување".*

Најзабележителен поттикнувач на ваквиот тип дискурси и наративи беше „Парадата на гордоста" организирана во Скопје во август 2021 година. Централниот наратив на оваа категорија, како што беше потврдено и од претходното истражување спроведено од Македонскиот институт за човекови права, е верувањето дека „хомосексуалноста е болест". Над 70% од испитаниците во ова истражување го поддржаа овој наратив и став кон сексуалните малцински групи. Главната цел на овој дискриминаторски и наратив на омраза е да се сегрегираат и маргинализираат членовите на ЛГБТК+ заедницата, но и да се изврши притисок врз нивните поддржувачи, кои често се исто така цел на креаторите и пропагаторите на овие наративи.

## 3.3. Comparative analyses

The comparative analyses of the registered hate discourses and narratives show that most of them have a relatively simple structure, with very few sub-narratives, based on instilling intolerance for different groups in the society. Most of the registered cases include the use of various forms of hate speech and discriminatory language on a political, ideological, ethnical, racial, and sexual orientation basis. The attacks on the health authorities and the measures during the pandemics were also noted as one of the more impactful sources for the distribution of hate discourses in the research period.

In many of these cases the following types of attacks were used: stereotyping, stigmatisation, hostility, spread of harmful misinformation and disinformation, threats, dehumanising, slurs and insults. Usually, the targets of these attacks are representatives or supporters of political parties or public institutions, members of the civic organisations and other ethnic groups, media representatives and members of marginalised communities. The most common messages and narratives from the registered hateful and discriminatory content include nationalistic ideas and attacks, xenophobia, hate discourses against specific ethnicities, racism, sexism, and attacks on the members of the LGBTQ+ community.

The usual channels for dissemination of this content are social media platforms, online media, and the content from the comments sections by the readers. In many of the cases, the actors behind these attacks are identified users of social media platforms but also there are cases of anonymous persons dispersing these messages online. Most commonly the number of these cases increases during periods of significant socio-political events in the country, like elections, significant incidents, statements by politicians or online influencers, anniversaries of important events from the past, major protests, and other impactful political events.

19. Достапно на https://is.gd/adYe5y пристапено на 06.05.2022 година.
20. Достапно на https://meta.mk/?p=559661 пристапено на 06.05.2022 година.




# 4. Преземени активности за борба против наративите на омраза и дезинформации во Македонија

Правната рамка во Северна Македонија за справување со говорот на омраза се состои од неколку закони[21] и претставува комбинација на правни мерки од казненото, управното и граѓанското право[22]. Кривичниот законик содржи неколку одредби кои се однесуваат на различни аспекти на говорот на омраза[23].

Владата во 2018 година донесе одлука за формирање Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и спроведување на законите, подзаконските акти и стратешките документи од оваа област. Националното координативно тело е составено од 36 членови, претставници на државни институции, локалната самоуправа, здруженија, синдикати, асоцијации на работодавачи и експерти.

Со цел поефикасно справување со говорот на омраза во Северна Македонија, во месец јануари 2019 година формирана е „Мрежа за борба против говорот на омраза во медиумите“, иницирана и координирана од „Советот за етика во медиумите на Македонија“ (СЕММ). Оваа мрежа од организации и институции вклучува професионални медиумски и новинарски здруженија, државни и регулаторни тела задолжени за заштита на човековите права, граѓански организации, како и други организации од областа на медиумите и заштитата на човековите права[24]. Еден од клучните документи и инструменти на оваа мрежа е „Декларацијата“ за борба против говорот на омраза во која се определува дека целта на оваа мрежа е „да се спречи ширењето на говорот на омраза во јавната сфера, да се зајакне професионалната и етичката новинарска пракса и да се подигне свеста на општата популација за негативните последици од говорот на омраза“. Во Декларацијата се додава дека членките се обврзуваат заеднички да ја следат ефективноста на домашните правни инструменти за спречување на говорот на омраза во јавната сфера. Декларацијата, исто така, укажува на потребата и заложбата за „подигнување на свеста на граѓаните за штетните последици од говорот на омраза во јавната сфера и промовирање независно, професионално и етичко информирање на јавноста, ослободено од дискриминаторен говор и предрасуди, говор на омраза, и без говор кој провоцира или поттикнува омраза и насилство“.

Онлајн услугата на Хелсиншкиот комитет „Злосторства од омраза“[25] го следи пријавувањето на злосторствата од омраза, а покрај регистарот на овие предмети достапни се уште некои извештаи во кои се содржани подетални информации за справувањето со говорот на омраза во земјава. Дополнително, на граѓаните им е достапна онлајн услугата „говор на омраза“ и таа вклучува информации, поимник, статистика, интерактивни мапи и алатки за пријавување случаи на говор на омраза.[26]

---

21. Кривичен законик, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за Народен правобранител и Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
22. Совет за етика во медиумите во Македонија (2020), „Говор на омраза – меѓународна и национална правна рамка, со посебен осврт на медиумите“, Скопје, стр. 20-21.
23. Кривичен законик, член 394, Ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем, член 122, член 319, член 403-407-а, и член 417.
24. На списокот на овие организации и институции се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Народниот правобранител, Академијата за судии и јавни обвинители, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Здружението на новинарите на Македонија, Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, Институтот за комуникациски студии, Македонскиот институт за медиуми и уште неколку невладини организации.
25. Достапно на https://zlostorstvaodomraza.com
26. Достапно на http://www.govornaomraza.mk/reports/submit



# 5. Заклучоци

Анализата на говорот на омраза во Македонија потврдува дека станува збор за сложен феномен кој преку јавна комуникација на дигиталните платформи и разните популарни медиуми, се инфилтрира во сите сфери на општеството. Справувањето со него бара мултилатерален, мултиинституционален и мултисекторски пристап кој ќе функционира континуирано и ќе работи на негово откривање, санкционирање и сузбивање, со цел да се спречи развојот и растот на таканаречената „култура на омраза“ и широката употреба на дискурси кои значат омраза и дискриминација.

Информирањето на јавноста често се претвора во „информативна војна“ меѓу различни групи во општеството и во таа борба медиумите се користат како инструмент за политичка и идеолошка пресметка. Во овој поширок општествен контекст, медиумите го занемаруваат јавниот интерес и стануваат составен дел на интересните групи кои имаат тенденција да „зграпчат“ одредена власт и позиции во општеството. Говорот на омраза и нетрпеливоста се една од главните алатки во овие негативни социополитички и информативни процеси. Покрај говорот на омраза, често со него се испреплетуваат и дискриминацијата и повиците за насилство и истите се надополнуваат, позиционирајќи ги така во директна опасност оние кои се цел на такво медиумско покривање. Вообичаената неказнивост на овие прекршувања го олеснува повторувањето на овие дела, широката дистрибуција и искористувањето на овие аномалии како еден вид „нормален метод“ на политичката борба против поединци и групи со различни мислења.

Неуспехот ефикасно да се спроведат законите и кршењето на етичките принципи од страна на новинарите создава широко распространета култура на нетолеранција, поларизација и конфликт што се заканува да ја наруши општествената стабилност и ред. Може исто така да се каже дека, до одреден степен, наративите на омраза се нормализирани или конвенционализирани како „легитимна алатка“ во политичките дебати и ривалства.

Комплексноста на одредени општествени проблеми, како што е случајот со говорот на омраза, бара не само континуирано подобрување на свеста во општеството за овој проблем, туку и потреба да се зајакне и свеста и одговорноста кај клучните актери, и не само формално давање поддршка на активностите против говорот на омраза туку и континуирано земање активно учество во активностите на ова поле со цел да се сузбие создавањето и ширењето на дискурси на омраза и дискриминација. Образовниот сектор има клучна улога и потенцијал да го промени актуелниот процес на висока толеранција и охрабрување на употребата на говор на омраза во јавната комуникација.

Исто така, подобрувањето на правните инструменти во борбата против говорот на омраза е многу важен процес во системското справување со овој проблем и истиот треба постојано да биде отворен за надградба. Сепак, успешната имплементација и примена на системските законски решенија е нешто што е тесно поврзано со активностите и соработката на клучните институции и засегнатите страни. Како клучни придонесувачи кон овој процес може да се посочат правосудните институции, заедницата на медиуми, граѓанскиот сектор и невладините организации, политичките партии, давателите на телекомуникациски услуги и образовниот сектор.

Нивната соработка во голема мера би го олеснила успешното спроведување на законите и прописите и значително би ја зголемила ефикасноста во справувањето со случаите на омраза и дискриминација.

Reporting Diversity Network 2.0

ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН
- СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНИЈА -

Funded by the European Union

B | T | D The Balkan Trust for Democracy
A PROJECT OF THE GERMAN MARSHALL FUND

Norway